**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar | 27-08-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org | Број Numër | Прилог Shtese | Вредност Vlerë |
| 10 | 4019 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** емисијата „Збор по збор" од 26 август 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 август 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста)

6. **Претходно изречена мерка:** Писмено укажување за прекршување на член 61 од ЗААВМУ 03-132 од 15.03.2019

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор, реализиран по службена должност, врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 26 август 2019 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на програмските начела за вршење на дејноста од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, кои се однесуваат на: „негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот..." (**член 61 став 1 алинеја 1**) и „еднаквост на слободите и правата независно од полот..." (**член 61 став 1 алинеја 2**).

Предмет на надзорот беше актуелно-информативната емисија „Збор по збор" која се емитуваше на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје на 26 август 2019 година помеѓу 13 и 14 часот. Станува збор за актуелно - информативната програма, односно контактна програма „во живо", реализирана со новинарка - водителка и со вклучување на гледачи кои дебатираат на темата поставена за ова издание која гласеше: „ЗОШТО ВЛАДАТА НА ЗАЕВ СЕ ОДНЕСУВА „ПЕДЕРСКИ" КОН СРБИЈА?", и која беше објавена на телопот што беше поставен на екранот за целото времетраење на емисијата.

Новинарката - водителка на емисијата Александра Овчарска, во најавата на емисијата, воведот во темата го поставува на следниот начин (почеток во 13:02:14): *„Како што знаете, на гости во Македонија ја имавме премиерката на Србија Ана Брнабиќ. Таа точно на пладне, пред платото на Владата на РМ беше свечено пречекана. Сè уште ги очекуваме нивните изјави, односно прес – конференцијата на Владата. А, воедно ви поставуваме тема, нова тема актуелна за овој период. Се чини дека во последно време некако односите со нашиот северен сосед како да се заострени, односно да не речам влошени. Што е тоа што се случува меѓу нашата држава и северниот сосед, односно Србија? Голем број факти и податоци и ситуации говорат за ова и се наметнува токму ова прашање коешто го гледате на екраните:*

*- Зошто Владата на Зоран Заев се однесува „токму така" со Србија?*

*Ве очекувам со ваши коментари и ваши ставови околу оваа тема на нашите телефонски линии..."*

Понатаму во емисијата (почеток во 13:08:44), водителката вели: *„Да, низа ситуации, низа моменти, низа факти говорат за тоа дека се заострени односите помеѓу Македонија и Србија. Голем број фотографии се појавија, се појавуваат со нашиот премиер, со личности од соседството, политичари од соседството, нивните сопруги, нивните партнери. Но, ниту еднаш не видовме фотографија со партнерката на Брнабиќ. Дали и ова значи некаков знак? Ве очекувам да коментираме на оваа тема..."*

Од воведот, а и од содржината на емисијата, може да се констатира дека новинарката е свесна за пејоративното значење на зборот „педерски" и таа воопшто не го користи во говорната комуникација во текот на целата емисија. Имено, на реакција на еден од гледачите (13:17:43-13:18:25) кој вели дека овој збор под итно треба да се избрише и дека употребата на тој збор од страна на телевизијата е *„брука за Македонија"*, водителката се оградува велејќи дека <u>одлуката за користење на тој збор не е нејзина</u>. На употребата на овој термин реагираат и други гледачи. На пример, следната гледачка (13:18:54 – 13:19:00) вели дека темата *„малку непријатно е напишана, не би ја читала"*, а нешто подоцна (13:26:33-13:29:52) ова е повод за забуна кај друг гледач кој мисли дека е цитиран став на Србија, па вели: *„Еден рече, зошто зборот стоел педерски. Но тој, изгледа не го разбра тоа дека Србите го викаат зашто Владата на Заев се однесува педерски, значи Србите го кажале тоа, така ли? ... Тој мисли дека ние го поставуваме тоа како таков збор и човекот не можеше, добро сега толку можеше да го разбере, така го кажа...".*

ТВ Алфа, свесно донела уредничка одлука во телопот за емисијата „Збор по збор" од 26 август 2019 година, да употреби израз којшто е дискриминаторски и навредлив, односно се користи за етикетирање и дерогирање на ЛГБТИ – лицата. Ова покажува дека медиумот не прави разлика меѓу одговорноста што ја носи кога информира за настани што се случиле и кога самиот е извор на дискредитирачки изрази, како и оти не води сметка за тоа дека при поттикнувањето на дебатата во јавноста за актуелните прашања треба да настојува дискусијата да биде на достоинствено ниво, а не да придонесува за неговото снижување.

## 8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на член 61 став 1 алинеи 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, на 26 август 2019 година, во емисијата „Збор по збор", не ги почитуваше начелата за: „негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот..." и за "еднаквост на слободите и правата независно од полот...".

**9. Предлог - мерка:**

Во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор бр. 01-3905/1 од 23.07.2014 година, Советот на Агенцијата да го прифати извештајот од надзорот и да донесе заклучок на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, писмено да му се укаже за констатираното прекршување на член 61 став 1 алинеи 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***